# „Јакнење на институционалниот капацитет на Народната банка на Република Северна Македонија на патот кон нејзиното членство во ЕСЦБ“

## ❖ Што се случуваше од 15 јуни до 14 септември 2020 година?

Првите 15 дена од четвртиот квартал на проектот беа дел од периодот на суспензија, со оглед на тоа што проектот беше прекинат во периодот од 1 април до 30 јуни поради пандемијата предизвикана од „ковид-19“. Оттогаш, пет експертски мисии беа успешно организирани и изведени на далечина. Во тие активности е вклучен и четвртиот состанок на Управниот одбор на Проектот, исто така одржан на виртуелен начин, на почетокот на јуни.



*Состанок на Управниот одбор на Комитетот на Проектот во услови на „новото нормално“ – видеоконференција преку интернет*

### Компонента 1. **ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И СИСТЕМИ**

Во четвртиот квартал од Проектот беа изведени **две виртуелни мисии.** Во рамките на втората активност од оваа компонента „**Понатамошно усогласување на рамката на политиките на платежните услуги во НБРСМ со директивите и регулативите на ЕУ во областа на платежните услуги“,** експерти од централната банка на Португалија и Романија одржаа две одделни мисии.

Во првата мисија „Презентација на најрепрезентативните платежни услуги“, темите коишто беа разгледани беа суштински поврзани со надлежностите и активностите на централната банка на Португалија за супервизија на однесување, законската и регулаторната рамка што се применува за платежните сметки и услуги, споредба на надоместоци, особено применливата законска и регулаторна рамка, како и нејзиното спроведување и управување.

За време на втората мисија, романскиот експерт направи сеопфатен и детален преглед на следниве теми: главни одговорности на Одделот за надгледување на платните системи; искуство во комуникациските активности поврзани со платежните услуги; одговорности на централната банка во однос на Директивата за платежни услуги 2 (ПСД2), ПСД 2 – општа рамка, Регулаторни технички стандарди (РТС) и упатства; романското искуство со Единствената европска платежна област (СЕПА) – барањата за кредитен трансфер и директно задолжување во евра (регулатива (ЕУ) бр. 260/2012); романското искуство со европските тела за време на пристапниот процес; регулатива за заменски надоместоци кај платежни трансакции засновани на платежни картички; РТС за картични платежни шеми и субјекти за процесирање во врска со Регулативата за заменски надоместоци и активностите на НБР за усогласеноста на давателите на платежни услуги со законските барања од областа на плаќањата и дадени насоки за комуникација со телата на ЕУ за време на процесот на пристапување во врска со оваа тема.

### Компонента 2. **БАНКАРСКА РЕГУЛАТИВА И СУПЕРВИЗИЈА**

Во втората активност „Развој на интерна методологија при процесот на утврдување на интерната ликвидност на банките (ИЛААП) и нејзина интеграција во процесот на супервизорско оценување (СРЕП)“, одржана е една виртуелна мисија на тема регулаторни прашања во однос на стапката на покриеност со ликвидност, водена од експерт на централната банка на Хрватска.

Во рамките на дводневната видеоконференција, експертот направи детална презентација во врска со спроведувањето на две делегирани регулативи на ЕУ 2015/61 и 2018/1620 за барањето за покривање на ликвидноста за кредитните институции (во натамошниот текст: ДА на БПЛ), истакнувајќи ги националните опции од ДА за БПЛ. Вториот ден, експертот на централната банка на Хрватска исто така одржа кратка презентација за дополнителните параметри за следење на ликвидноста што во моментов се на сила во ЕУ. Пред конференцискиот повик, претставниците на НБРСМ ги испратија своите прашања на кои добија одговори за време на состанокот.

## Компонента 3. **СТАТИСТИКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СМЕТКИ**

Во овој квартал беше одржана една виртуелна мисија на почетокот на јули. Таа беше водена од експерти од Народната банка на Хрватска (НБХ) и Банката на Романија (БР).

За време на петдневната интензивна работа, користејќи видеоконференција, размена на е-пошта и други начини на соработка од далечина, експертите од НБХ и БР во соработка со колегите на земјата корисничка продолжија со својата работа на изготвување пилот-верзија на финансиските сметки на Северна Македонија (како за состојби, така и за текови за една година, квартални/годишни податоци). Тие ги анализираа барањата и препораките од претходната мисија, подготвените и доставените податоци од колегите од Дирекцијата за статистика на НБРСМ и се согласија за идните чекори кон финализирање на резултатите за активноста „**Поддршка за понатамошно усогласување на статистиката на финансиските сметки на НБРСМ со стандардите на ЕСЦБ/ЕЦБ**.“ Во третата мисија во рамките на оваа активност, експертите од централните банки конкретно ги анализираа изворите на податоците, тековниот систем за подготовка и работните процедури за прибирање податоци за финансиските сметки (состојби) **на секторите: држава, нефинансиски друштва и домаќинства.**

## Компонента 4. **ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ ВО АНАЛИЗАТА НА ПОЛИТИКИТЕ**

Во рамки на четвртиот квартал на Проектот, во август беше спроведена **една виртуелна мисија** од страна на експертот од Народната банка на Романија во врска со развојот на моделот, како **последователна мисија за подобрување на вештините за истражување и економетриско моделирање.**

Романскиот експерт, кој е воедно и компонентен лидер од земјата членка, работеше заедно со колегите од Дирекцијата за монетарна политика и истражување на НБРСМ на развојот на економскиот модел преку следниве чекори:

- Преглед на равенките на моделот;
- Воведување финансиски фрикции во моделот – микроекономско поставување;
- Присоединување на моделот за финансиски фрикции во поголемиот модел;
- Калибрација на параметрите за македонската економија;
- Изведување стабилна состојба на моделот;
- Првично приспособување на моделот за режимот на фиксен девизен курс;
- Анализа на извештајот за функциите на импулс-реакција.

На крајот на мисијата, ажурираните материјали (кодовите во „Dynare“ и „Matlab“ и документацијата) беа споделени со колегите од НБРСМ за да можат да продолжат со независна работа. Исто така, беше постигнат договор за следната мисија во втората половина од септември за спроведување обука за Бајесовата оцена на моделите и започнување на процесот на Бајесова оцена на конкретниот модел.

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА:**

Благосостојбата и здравјето на учесниците во Проектот се од најголемо значење. Како резултат на пандемиската состојба, Европската комисија дополнително ја продолжи можноста за виртуелно извршување на мисиите до 31 декември 2020 година.


Контакт:

Канцеларија на постојаниот советник за твининг

twinning.nbrnm@gmail.com



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Институции за имплементирање

Институција корисник



Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на НБРСМ и на никаков начин не ги изразува гледиштата на Европската Унија.